ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД-СКОПЈЕ

# Извештај за работењето во 2011 година

**ФЕВРУАРИ, 2012 ГОДИНА**

## Општи податоци

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИ ИГРИ ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ |
| Седиште и адреса | Ул. Маршал Тито бр. 11-а , Скопје |
| Телефон и факс | 3235-122; 3125-095 |
| Адреса на електронската пошта | contact@lotarija.com.mk |
| Адреса на интернет страницата | http://www.lotarija.com.mk |

## Правен статус

| | |
|---|---|
| Матичен број | 4064526 |
| Шифра на дејност | 92.00 |
| Опис на дејностите (претежна дејност) | дејности на коцкање и обложување |
| Број на Решение од Централниот Регистар | Трег.бр.5894/98 Регистарска влошка 02006654-4-09-000 |
| Датум на основање (ден, месец и година) | 12.1972 |
| Број на вработени на крајот на годината | 15 |
| Систем на управување | едностепен |
| Одбор на Директори | 1. Виолета Татабитовска-Претседател<br>2. Митко Димов-Генерален извршен директор<br>3. Драган Наков-неизвршен независен член |

**Традиција на Друштвото**

Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри Лотарија на Македонија, е основано со Закон за основање на организација за приредување игри на среќа, донесен од Собранието на Република Македонија на 28-ми Декември, 1972 година.

## Хронолошки развој и статусни промени на Друштвото

- 1992 година

Лотарија на Македонија, делува како претпријатие кое исклучиво во сопствена организација и со сопствени средства, ги приредува и оние игри кои порано се приредуваа на ниво на Асоцијација на југословенски лотарии и постојано внесува новини и иновациии, проширувајќи го асортиманот на игрите на среќа.

- 1995 година

Лотарија на Македонија е организирана како АД во мешовита сопственост.

- 1997 година

Донесен е нов Закон за игрите на среќа, според кој требаше Лотарија на Македонија да изврши трансформација на општествениот капитал. Трансформацијата е извршена во 1998година и извршен е упис во Трговскиот регистар, со TREG.бр.5894/98

- 1998 година

Извршена е трансформација во АД со приватна сопственост.

- 2001 година

Со TREG број 3039/01во регистарскиот суд извршена е промена на структурата на капиталот, односно Фершпед АД-Скопје е доминантен сопственик на капиталот.

- 2005 година

Промена на систем на управување од двостепен во едностепен.

- 2007 година

Лотарија на Македонија АД-Скопје, се соочува со проблемот за обезбедување и продолжување на важноста на лиценците за приредување игри на среќа и покрај запазената формално-правна постапка.

- 2011 година

Промена на орган на управување, намалување на број на членови и избор на нови членови на Одбор на Директори.

## Околностите во кои работеше Друштвото во 2011 година

Светската економија постепено закрепнува од последиците од најголемата економска криза во последните 80 години, иако најголем дел од земјите сеуште се соочуваат со предизвици.

Одржувањето на макроекономската стабилност, продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот растеж, зголемување на благосостојбата, како и подобрување на квалитетот на живеење во Република Македонија, беше основниот приоритет во 2011 година.
Приоритетите означуваа зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата, покрај другото и преку зголемување на конкурентноста, пораст на инвестиции и подобрување на бизнис климата, креирање на еднакви можности за економски раст на сите учесници во економските процеси, развој на економска инфраструктура, со остварување на одржлив раст на БДП, кој и покрај влијанието на светската економска и финансиска криза изнесуваше 4,8% просечно годишно.

Доколку се направи резиме на најважните краткорочни економски движења во Република Македонија во 2011 година, може да се констатира следново: забележан е раст на индустриското производство од 5,1% на месечно ниво, просечна стапка на инфлација од 4%, раст од 25,6% на вкупната надворешно-трговска размена во однос на претходната година, со истовремено зголемување на извозот и увозот на стоки како и раст на депозитниот потенцијал на банките.

Лотарија на Македонија-АД Скопје во текот на 2011 година, со своето специфично работење, дејноста ја обавуваше следејќи ги сите економски сигнали од надворешното окружување.

Нашата основна дејност, приредувањето на игрите на среќа, ја обавувавме во автомат клубовите за кои имаме лиценци за приредување игри на автомати за игри на среќа.

Нашата споредна дејност, ја обавувавме според комерцијалната политика на мобилниот оператор ОНЕ, што значи остварените резултати директно зависат од нејзината имплементација. Новата комерцијална политика на мобилниот оператор ОНЕ, во 2011 година беше со намалени проценти во сите сегменти на продажбата, што доведе до намалување на надворешните соработници и затварање на поголем дел од продажните места. Но, и покрај тешките услови за работа, успеавме да ја одржиме базата на корисници и да оствaруваме позитивни резултати.

Постигнатите цели од нашето работење во 2011 година, упатуваат на грижа за рационално и наменско користење на расположливите средства, динамична усогласеност на изворните приходи и други приливи и зајакнато управување со ликвидноста на краток и среден рок, потенцирајќи го притоа фактот дека неколку години не можеме во целост да ја обавуваме основната дејност за која сме основани.

Во услови на стеснување на просторот на нашето работење и ограничени можности за поголемо проширување на дејноста, Лотарија на Македонија АД-Скопје, со својата стратегија, спроведе активности за рационализација на оперативните трошоци и зголемување на трошковната ефикасност,со што придонесе континуирано одржување на тековната ликвидност. Вложувавме напори за одржување на довербата, охрабрувајќи ги комитентите да продолжат со соработка со Друштвото.

Друштвото со својата јасна организациона структура прецизно ги дефинира правата и одговорностите на сите вработени, како и линиите на контрола и проверка при секојдневното извршување на задачите, со присутна одговорност за ефикасно и ефективно управување.

Лотарија на Македонија АД-Скопје како членка на Global Compact и понатаму останува општествено одговорна компанија, која во своето работење ги почитува нивните принципи.

Остварувајќи ја својата функција, Лотарија на Македонија-АД Скопје, и во 2011 година успеа да ја сочува сигурноста и стабилноста, но евидентно е влошувањето на финансискиот резултат, односно остварување на негативен финансиски резултат, кој што не произлегуваше од тековното работење на Друштвото, туку од вонредни настани на вредносно усогласување и тоа, по судска пресуда и поради обезвреднување на вложувања расположливи за продажба.

Митко Димов
Генерален извршен директор

## Организациона поставеност и квалификациона структура на вработените

| Организациони единици | Степен на образование | | | |
|---|---|---|---|---|
| | VII/2 | VII/1/ ВСП | VI/ ВШП | IV / ССС |
| Директор | / | 1 | / | / |
| Сектор за финансиски работи | / | 1 | / | 1 |
| Сектор за општи и правни работи | 1 | 2 | / | 1 |
| Сектор за продажба | / | 5 | 1 | 2 |
| | **1** | **9** | **1** | **4** |
| **Вкупно вработени** | | | | **15** |

Работниот однос во Друштвото во текот на 2011 година им престанал на 3 работника, поради деловни причини (технолошки вишок).

## Работата на Органот на управување во 2011 година

Одборот на директори како орган на управување, во состав: Виолета Татабитовска -неизвршен член и Претседател на Одбор на директори и членовите: Митко Димов - Генерален извршен директор и Драган Наков - неизвршен независен член, одржаа 7 состаноци, од кои 4 во новиот состав, на кои расправаа и одлучуваа за прашањата од неговата надлежност, утврдена во Статутот на Лотарија на Македонија АД Скопје.

Во извештајната 2011 година беше одржано едно редовно годишно Акционерско Собрание кое се одржа на ден 06.04.2011 година, на кое беа разгледани и одобрени Годишната сметка, финансиските извештаи, ревидирани од овластен ревизор, Годишниот извештај за работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, а беше назначен и овластен ревизор за годишната сметка и финансиските извештаи за 2011 година. Исто така на Собранието на друштвото се донесе Одлука за измена и дополнување на Статутот, беа избрани нови членови на Одборот на директори, а Собранието донесе и одлука за исклучување од котација на Друштвото од Македонската берза за долгорочни хартии од вредност.

**Резултати од работењето во 2011 година**

Економската финансиска анализа на работењето во 2011 година ја констатираме преку структурата на приходите, расходите и крајниот остварен резултат.

Во текот на годината, врз база на направените стратегии за делување и работење, соодветно се прилагодуваа тековните оперативни активности и финансиска политика.

## Структура на приходи

| | 2010 | 2011 | Индекс 2011/2010 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од игри на среќа | 72.156.447,50 | 61.981.700,00 | 85,90 | 42,94 |
| Приходи од ОНЕ производи | 39.686.152,50 | 30.010.834,00 | 75,62 | 20,79 |
| Приходи од закупнини и др.услуги | 23.650.088,00 | 25.537.948,00 | 107,98 | 17,69 |
| Останати приходи | 21.973.928,00 | 26.802.417,00 | 121,97 | 18,58 |
| **ВКУПНО** | **157.466.616,00** | **144.332.899,00** | | **100,00** |

Во 2011година, вкупните приходи на Лотарија на Македонија АД-Скопје изнесуваа 144.332.899,00 денари, што претставува помало остварување за 8,34 % во однос на 2010 година.

Доминантно учество во структурата на реализираните вкупни приходи, имаат приходите остварени од игрите на автомати за игри на среќа, односно, 42,94%. Во 2011 година, бележиме приход од 61.981.700,оо денари, воедно, со тоа регистриран е минимален пад од 14,10 % во однос на претходната година.

Остварувањето на приходите од закупнини претставува процентуално голем носител на растот на бизнисот. При ваквото работење, Друштвото ги анализира и оценува финансиските перформанси на клиентите, како и следење на редовноста во исполнување на обврските.
Податоците од приходите од закупнини и други услуги во однос на 2010 година, покажуваат зголемување. Очекувањата за обемот на овие приходи од година во година се поповолни. Приходот остварен во 2011 година од оваа дејност изнесува 25.537.948,00 денари. Нивното учество во вкупните приходи изнесува 17,69 %, а зголемувањето е за 7,98 % во однос на претходната година.

Приходите реализирани од продажба на ОНЕ производи, во однос на истиот период од 2010 година, бележан пад од 24,38%. Новата комерцијална политика на мобилниот оператор ОНЕ беше со намалени проценти, но најважно, беше укинат Air-time кој носеше поголеми приходи.
И покрај истиот обем на работа, политиката и платежната моќ на населението, се одразуваа директно на продажбата.

Останатите приходи реализирани по основ на приходи од дивиденди, камати, станбени кредити, приходи од продажба на постојани средства, наплатени отпишани побарувања, се остварија во износ од 26.802.417,00 денари, што претставува зголемување за 21,97% во однос на истиот период претходната година.

**Процентуален приказ на вкупната структура на приходи**



## Остварени резултати во 2011 година:

| | 2010 | 2011 | Индекс 2011/2010 |
|---|---|---|---|
| Приходи | 157.466.616,00 | 144.332.899,00 | 91,66 |
| Расходи | 190.375.929,00 | 178.438.324,00 | 93,73 |
| Загуба пред оданочување | -32.909.313,00 | -34.105.425,00 | 103,63 |
| Данок | 1.108.431,00 | 997.214,00 | |
| Загуба за финансиска година | -34.017.744,00 | -35.102.639,00 | |

При анализа на остварените резултати во 2011 година, констатираме намалување на приходите и намалување на расходите во однос на претходната година.

Вкупните приходи во 2011 година изнесуваат 144.332.899,00 денари и истите бележат пад за 8,34% во однос на 2010 година, додека вкупните расходи во износ од 178.438.324,00 денари намалени се за 6,27% во однос на 2010 година. Ваквите остварени резултати беа причина да искажеме загуба во работењето за извештајната година.

Загубата за 2011 година изнесува 35.102.639,00 денари. Од остварената загуба се одземаат корекциите за рекласификација на загуби поради обезвреднување на вложувања расположливи за продажба признаени во добивката или загубата за годината во износ од 15.427.356,00 денари, што значи, вкупната сеопфатна загуба за 2011 година изнесува 19.675.283,00 денари.

Оваа ситуација упатува на констатација дека загубата во 2011 година произлегува од вонредни настани на вредносни усогласувања. Тековната ликвидност на Друштвото не беше нарушена, бидејќи навреме беа исплатувани сите редовни обврски спрема државата, сите доспеани обврски спрема деловните партнери, кредити, плати и други надоместоци на вработените.

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД-Скопје